РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-121/1
20.01 2026 год.
ПРОБИШТИП

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Одделение за инспекциски работи

# Годишен план за работа

на Одделението за инспекциски работи
при општина Пробиштип
за 2026 година

Дел. број 08-1193/1
Датум: 30.12.2025 година
Место: Пробиштип

Одделение за инспекциски работи
при општина Пробиштип

Резиме

За планирање на работите со цел постигнување на поголема ефикасност, економичност и ефективност во организацијата и реализацијата на работните задачи и обврски, а согласно член 26 од Законот за инспекциски надзор ("Сл. весник на РСМ", бр. 135/2025), Одделението за инспекциски работи донесува годишен план за работа за Одделението за инспекциски работи, најдоцна до 31-ви декември од тековната година, а се однесува за работа на Одделението за инспекциски работи за наредната година, почнувајќи од 01.01.2026 година до 31.12.2026 година.

Годишниот план се објавува на службената веб страница на општина Пробиштип: **https://probistip.gov.mk/** (во **Оделенија**, дел: **Инспекциски работи**).

Во Годишниот план, се предвидени работните задачи, програмски активности на Одделението за инспекциски работи при општина Пробиштип кои се планирани да бидат реализирани во текот на 2026 година, а се со цел исполнување на законските обврски за вршење на инспекциски надзор во областите од надлежност на општина Пробиштип, согласно со постоечката законска регулатива, како и евентуалните идни измени и дополнувања на законите и подзаконски акти.

Инспекторите вработени во Одделението за инспекциски работи при општина Пробиштип во текот на 2026 година ќе вршат :

- инспекциски надзори над спроведување и почитување на обврските утврдени со законот за инспекциски надзор, материјалните закони, подзаконските акти и другите прописи и одлуките на општина Пробиштип
- покренување на постапки пред надлежните органи и судови
- донесување решенија и други акти во вршењето на инспекцискиот надозр
- покренување и вршење на анализа на одредени состојби во општината
- давање предлози до Градоначалникот, Советот на општина Пробиштип и други органи
- други активности, поврзани со работата на инспекторите, кои се непредвидени во овој план, а се неопходни за постапување.

## Анализа на ризици

При изготвувањето на Годишниот план за работа во Одделението за инспекциски работи односно планот на работа на секој инспектор, се прави анализа на ризик при одредување на приоритети за инспекциски надзор т.е. секој инспекциски надзор се базира на проценка на ризик. Според степенот ризикот може да биде низок, среден и висок. Согласно член 24 од Законот за инспекциски надзор, инспекциските служби организирани како организациони единици во единиците на локалната самоуправа не изработуваат Методологија за проценка на ризик. Согласно овој член, обврската за изработка на оваа методологија ја имаат државните инспекторати, па затоа истата ќе биде применувана и кај Оддделението за инспекциски работи при општина Пробиштип.

Доколку при реализацијата на Годишниот план за работа на Одделението за инспекциски работи се сменат одредени околности врз основа на кои е направена проценката на ризикот, ќе се земат во предвид при подготвувањето на месечните планови за работа на инспекторите.

При анализата на ризиците треба да се има во предвид тежината на штетните последици и веројатноста на случување на штетните последици.

При проценката на ризикот се врши идентификација на ризиците за заштитените добра, права и интереси, животна средина и здравјето на луѓето кои можат да се случат како последица од работата на субјектот на надзор.

Кога се мисли на тежината на штетните последици при идентификување на ризици се мисли на природата на штетните последици која произлегува од дејноста, производот и услугата која ја дава на субјектот на инспекциски надзор, како и веројатноста за повторување по претходно утврдена состојба.

## Организација и раководење

Организација и раководење Одделението за инспекциски работи на општина Пробиштип е организациона единица во рамките на администрацијата на општина Пробиштип како посебна единица на локалната самоуправа. Во моментот, Одделението за инспекциски работи нема раководител, а раководењето ќе биде под ингеренции на секретарот на општина Пробиштип.

Согласно систематизацијата на работни места за 2026 година, во Одделението за инспекциски работи при општина Пробиштип систематизирани се седум работни места, од кои пет извршители се вработени, а две работни места не се потполнети и тоа: инспектор за сообраќај и патишта и инспектор за даноци и такси.

Од вработените извршители (инспектори) во одделението за инспекциски надзор, во тековната 2025 година, сите 4 извршители се со лиценца за инспектори и вработените инспектори се административни службеници со завршено високо образование соодветно за областите во кои работат, а комуналниот редар е со средно стручно образование и е соодветен за областа која ја работи.

Организационата поставеност, ситематизираните работни места и бројот на вработените во Одделението за инспекциски работи, според потребите на граѓаните по барани области за постапување е делумно соодветна и затоа има потреба од пополнување на систематизираните места и дополнување на систематизацијата со работно место инспектор за домување.

Согласно предвидените работни задачи во систематизацијата и согласно законската регулатива, Одделението за инспекциски работи при општина Пробиштип ќе работи координирано и транспарентно. За реализација на Годишниот план ќе бидат изработени полугодишни и годишни извештаи во законски утврдени рокови.

Согласно работните задачи и обврски и согласно законските прописи на Република Северна Македонија секој инспектор изработува план за работа за тековната година како и месечни планови за работа.

Досега, сите годишни програми за работа, како и полугодишните и годишни извештаи од работењето на инспекторите од Одделението за инспекциски надзор при општина Пробиштип, во законски определен рок, редовно се објавувани јавно на службената web страна на општината, а исто така и во иднина ќе продолжиме да бидеме транспарентни за јавноста.

Во табела 1 е даден преглед на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, вид, возраст и звање, во табела 2 е даден план за нови вработувања и пензионирање на инспектори, а во табела 3 е даден број на инспекциски надзори по вид и очекувани неправилности.

Табела 1. Број на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, вид, возраст и звање

| Вид | Комунален инспектор | Инспектор за животна средина | Инспектор за туристичка угостителска дејност | Градежен инспекотор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-звање/возраст (год) | над 60 | над 60 | 41-50 | 31-40 | |
| $Б_1$-генерален инспектор | | | | | 0 |
| $Б_2$-главен инспектор | | | | | 0 |
| $Б_3$-пом. главен инспектор | | | | | 0 |
| $Б_4$-виш инспектор | | | | | 0 |
| $В_1$-советник инспектор | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| $В_2$-самостоен инспектор | | | | | 0 |
| $В_3$-помошник инспектор | | | | | 0 |
| $В_4$-помлад инспектор | | | | | 0 |
| Вкупно: | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 |

Табела 2. План за нови вработувања и пензионирање на инспектори

| Вид | Инспектор за сообраќај и патишта | | | Инспектор за даноци и такси | | | Инспектор за домување | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-звање/основа за вр. | врб. | пен. | раз. | врб. | пен. | раз. | врб. | пен. | раз. |
| $Б_1$-генерален инспектор | | | | | | | | | |
| $Б_2$-главен инспектор | | | | | | | | | |
| $Б_3$-пом. главен инспектор | | | | | | | | | |
| $Б_4$-виш инспектор | | | | | | | | | |
| $В_1$-советник инспектор | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 |
| $В_2$-самостоен инспектор | | | | | | | | | |
| $В_3$-помошник инспектор | | | | | | | | | |
| $В_4$-помлад инспектор | | | | | | | | | |
| Вкупно: | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 |

Табела 3. Број на инспекциски надзори по вид и очекувани неправилности

| Реден број | Вид на инспектор | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Очекувани неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен | Вонреден | Контролен | | |
| 1. | Комунален инспектор | 12 | 50 | 50 | 112 | 40 |
| 2. | Градежен инспектор | 15 | 50 | 40 | 105 | 40 |
| 3. | Инспектор за животна сред. | 48 | 25 | 20 | 93 | 13 |
| 4. | Инспектор за тур. и угост. деј. | 10 | 7 | 7 | 24 | 8 |
| Вкупно: | | 85 | 132 | 117 | 334 | 101 |

Систематизирани работни места во Одделението за инспекциски работи при општина Пробиштип

## Општински комунален инспектор

Работните активности на општинскиот комунален инспектор во текот на 2026 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски и подзаконски акти:

- Закон за јавната чистота ("Службен весник на РМ", бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 130/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 80/15, 147/15 и 31/16);
- Закон за инспекциски надзор ("Службен весник на РСМ", бр. 135/25);
- Закон за општа управна постапка ("Службен весник на РМ", бр. 124/15);
- Закон за комунални дејности ("Службен весник на РМ", бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и "Службен весник на РСМ", бр. 302/20);
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води ("Службен весник на РМ", бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16);
- Закон за гробишта и погребални услуги ("Службен весник на РМ", бр. 86/08, 156/10, 53/11, 38/12, 55/13, 163/13, 152/15 и 31/16);
- Закон за урбано зеленило ("Службен весник на РМ", бр. 11/18 и "Службен весник на РСМ", 42/20);
- Одлука за комунален ред ("Службен гласник на општина Пробиштип", бр. 46/12).

Во предвид ќе бидат земени и сите можни изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности.

### Цели и начела на делување на општинскиот комунален инспектор

Инспекторот врши инспекциски надзор над примената на наведените закони и прописите донесени врз основа на овие закони на јавни површини и на отворени простори на јавни објекти, на даватели на услуги кои се од јавен интерес од локално значење на општина Пробиштип согласно со закон.

Главна активност на комуналниот инспектор е да спроведе проверки, истраги и ревизии на локациите во текот на целата година. Тие се три вида на активности превентивни, казнени и ремедијативни, а инспекцискиот надзор се врши како редовен, контролен и вонреден.

Редовни инспекциски надзори се вршат над примената на одредбите од законите одобласта на комуналните дејности, одлуката за комунален ред и извршувањето на програмата на јавните предпријатија.

Контролни инспекциски надзори ќе се вршат заради остварување увид во извршувањето на решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот инспекциски надзор.

Вонредниот инспекциски надзор е ненајавен и се врши врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, физички или правни лица, како и по службена должност.

### Активности со утврдена динамика

Согласно Одлуката за комунален ред на општина Пробиштип и законската легислатива која е наведена во Годишниот план за работа на комуналниот инспектор во текот на 2026 година инспекцискиот надзор ќе се извршува на:

- одржување на јавната чистота на јавни и сообраќајни површини (миење и метење на јавни површини како и чистење на снег во зимски услови согласно со Годишна програма за одржување на јавна чистота на давател на услуга ЈКП "Никола Карев");
- расчистување на снег пред деловни објекти, пред индивидуални и колективни стамбени згради (правни и физички лица);
- одржување и поставување на комунални уреди и опрема согласно со Годишна програма за комунални дејности;
- одржување на јавно зеленило и паркови површини согласно со Годишна програма за одржување на јавно зеленило и паркови површини (на давател на услуга ЈКП "Никола Карев");
- одржување на јавни површини на отворени простори согласно со Годишна програма за одржување на јавна чистота (правни и физички лица);
- одржување на речните корита низ градот;
- одржување на водоснабдителниот систем на вода за пиење од страна на давателот на услугата ЈКП "Никола Карев";
- одржување на канализациониот систам за прифаќање на фекални и атмосферски отпадни води од страна на давателот на услугата ЈКП "Никола Карев" како и заштита од други правни и физички лица;
- испуштање на отпадни води од правни физички лица;
- управување и одржување на градски гробишта на давател на услуга ЈКП "Никола Карев;
- вршење на погребални услуги на правни лица со добиена дозвола за вршење на погребални услуги;
- постапка при заловување на животни-скитници;
- одржување на Градските пазари од страна на ЈКП "Никола Карев" како давател на услугата;
- правни и физички лица како корисници на комуналните услуги;
- поставување на табли со куќен број на објекти и поставување на табли со имиња на улици кај правни и физичи лица;
- неконтролирано оставање, фрлање, напуштање, спалување на отпад и расчистување на диви депонии.

### Соработка со други органи при вршење на инспекциски надзор

Комуналниот инспектор учествува со стручни мислења по предлог закони и предлог подзаконски акти, ставови и извештаи за останати општински институции и други организации, а остварува и тесна и континуирана соработка со Здружението на комунални инспектори на Република Северна Македонија.

Истовремено, ќе соработува со Колегиумот на директори на инспекторатите, полициската станица при ОВР Пробиштип при редовниот инспекциски надзор согласно одредбите од Законите од областа на комунални работи.

Во дозволената законска рамка соработка ќе остварува и со Државниот

комунален инспекторат и другите облици на инспекциски служби на централно и локално ниво, но пред се со комуналните инспектори при општините во РСМ. Во рамките на ваквата соработка, каде се организираат активности за заедничко делување и обуки преку координирани инспекциски надзори и отстранување на негативните состојби и слабости во работењето на органите, се со цел за доследна примена на одредбите од Законите од комуналната сфера и другите материјалните закони од соодветната област.

**Аналитичко-информативна дејност**

- Изработка на месечни планови и извештаи континуирано во тек на цела година.
- Изработка на шестмесечен извештај за работата на општинскиот комунален инспектор за 2026 година, соодветно до 15.01.2026 година и 15.07.2026 година.
- Изработка на предлог-Програма за работа на општинскиот комунален инспектор за 2027 година, до поднесување 15.12.2026 година.

**Планирано учество на работилници, семинари, тренинзи и други обуки**

Работилници за нацрт-законот, правилници и други подзаконски акти во постапка за донесување, во организација на соодветното Министерство и ЗЕЛС.

Стручни работилници за имплементација на одредбите од Законите за комунални работи, посебно во делот на инспекцискиот надзор.

Генерички и специјализирани обуки.

## Општински комунален редар

Работните активности на општинскиот комунален редар во текот на 2026 година ќе се осоваат на вршење на контроли над примена на следните законски прописи:

- Закон за јавната чистота (“Службен весник на РМ”, бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 130/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 80/15, 147/15 и 31/16);
- Закон за општа управна постапка (“Службен весник на РМ”, бр. 124/15);
- Одлука за комунален ред (“Службен гласник на општина Пробиштип”, бр. 46/12).

Од горенаведените закони и подзаконски акти и други законски и подзаконски акти, како и измени и дополнувања кои ќе се донесат во текот на 2026 година, а се во надлежност на комуналниот редар произлегуваат работите кои ќе ги врши комуналниот редар во текот на 2026 година.

Редовна контрола на терен, при утврдување на неправилности на терен, преземање мерки согласно законските надлежности, обуки за имплементација на Законот за јавната чистота и Законот за комунални дејности, соработка со комуналните редари од другите општини и другите органи на државно и локално ниво.

Контролата ќе се врши на целата територија на општина Пробиштип и тоа на улици, тротоари, зелени површини, паркинг места и друго.

Со планот за работа на општинскиот комунален редар се предвидува преземање на мерки за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на јавната чистота со цел да се подобрат условите за живот на граѓаните на општина Пробиштип.

За извршените контроли, комуналниот редар во координација со општинскиот комунален инспектор изготвува месечни извештаи и годишен извештај, вклучени во извештајот за работа на Одделението за инспекциски работи.

## Општински градежен инспектор

Општинскиот градежен инспектор при општина Пробиштип врши инспекциски надзор во согласност со законските прописи и другите правни акти со кои се регулирани прашањата од сферата на изработката на проектната документација, издавањето на одобрение и решение за градење, градењето и надзор над градби од втора категорија, како што се:

- Законот за градење ("Службен весник на РМ", бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и "Службен весник на РСМ", бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25 и 250/25);
- Законот за инспекциски надзор ("Службен весник на РСМ", бр. 135/25);
- Законот за општа управна постапка ("Службен весник на РМ", бр. 124/15).

Предвид ќе бидат земени и сите можни изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности.

### Цели и начела на делување на општинскиот градежен инспектор

Општинскиот градежен инспектор врши инспекциски надзор над законитоста при изработка на проектна документација за изградбата на објекти од втора категорија, издавањето на одобрение и решение, градење и надзор над градби од втора категорија во општина Пробиштип, согласно позитивни и важечки законски прописи и општи акти на Република Северна Македонија.

- Инспекторот го врши инспекцискиот надзор со цел за остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес.
- Инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедува еднаква, законита, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи.
- Навремено, економично и ефикасно остварување на правата и интересите на граѓаните и другите учесници во управната постапка во решавањето на управните работи.
- Постапување во пропишаните рокови во првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени со судските органи.
- Инспекторот е самостоен при вршење на инспекцискиот надзор и одлучувањето за дејствијата кои треба да се превземат при вршење на надзорот, како и за мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор.
- При вршење на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекторот ги превзема само оние инспекциски мерки согласно со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што посебено се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот.
- Навремено вклучување на заинтересираните странки во постапката заради заштита на нивните права и интереси.

- Обезбедување на докази по службена должност заради водење на управната постапка.
- При определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторот се води од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци.
- При вршење на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши превентивна функција, а изрекува инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот.

## Активности со утврдена динамика

Инспекторот со цел да ги реализира поставените целите на планот, континуирано од месец јануари-месец декември должен е:

- да врши редовен инспекциски надзор над Градежни одобренија и Решенија издадени од Одделението за урбанизам;
- да врши редовен инспекциски надзор на објекти кои се градат со Одобрение за градење или со Решение за градење издадено од Одделението за урбанизам;
- да врши редовен инспекциски надзор на објекти кои се градат без Одобрение за градење или без Решение за градење издадено од Одделението за урбанизам;
- кај правните субјекти кои ги изведуваат градежните работи;
- да врши контролни инспекциски надзори, со кои ќе се утврди дали е постапено по решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот инспекциски надзор, надзорот по поднесените пријави од правни, физички и други лица;
- да врши вонреден инспекциски надзор по поднесени пријави и иницијативи од граѓани и други физички и правни лица до градежниот инспектор за сторена повреда на Законот за градење при изведба на објект од втора категорија во општина Пробиштип;
- да води управна постапка и тоа: врз основа на инспекцискиот надзор составува записник и донесува решенија и заклучоци согласно одредбите од Законот за градење;
- да спроведува постапки за порамнување секогаш кога ќе се согледааат неправилности согласно одредбите од Законот за градење;
- да поднесува барања за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд или прекршочен орган во Министерството за транспорт и врски и тоа: согласно одредбите од Законот;
- да врши едукација согласно одредбите од Законот за градење;
- да поднесува жалби согласно одредбите од Законот за градење, Законот за управна постапка и Законот за прекршоци;
- води евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход.

## Соработка со други органи при вршење на инспекциски надзор

При вршењето на инспекцискиот надзор Општинскиот градежен инспектор ќе соработува со:

- Колегиумот на директори на инспекторатите;

- Полициска станица при ОВР Пробиштип при редовниот инспекциски надзор согласно одредбите од Законот за градење.
- Државен градежен инспекторат.
- Соработка со други органи и стручни установи при водењето на управната постапка.

**Аналитичко-информативна дејност**

- Изработка на месечни планови и извештаи континуирано во тек на цела година.
- Изработка на шестмесечен извештај за работата на Општинскиот градежен инспектор за 2026 година, соодветно до 15.01.2026 година и 15.07.2026 година.
- Изработка на предлог-Програма за работа на Општинскиот градежен инспектор за 2027 година, до поднесување 15.12.2026 година.

**Планирано учество на работилници, семинари, тренинзи и други обуки**

Работилници за нацрт-законот, правилници и други подзаконски акти во постапка за донесување, во организација на соодветното Министерство и врски и ЗЕЛС.

Стручни работилници за имплементација на одредбите од Законот за градење, посебно во делот на инспекцискиот надзор.

Генерички и специјализирани обуки.

## Општински инспектор за животна средина

Работните активности на општинскиот инспектор за животна средина во текот на 2026 година ќе се основаат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски и подзаконски акти:

- Закон за животна средина ("Службен весник на РМ", бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18 и "Службен весник на РСМ", бр. 89/22, 171/22, 3/25, 124/25 и 191/25);
- Закон за инспекциски надзор ("Службен весник на РСМ", бр. 135/25);
- Закон за инспекциски надзор во животната средина ("Службен весник на РСМ", бр. 99/22);
- Закон за општа управна постапка ("Службен весник на РМ", бр. 124/15);
- Законот за заштита од бучавата во животната средина ("Службен весник на РМ", бр. 79/07, 124/10, 47/11 и 146/15);
- Законот за управување со отпад ("Службен весник на РСМ", бр. 216/2021);
- Закон за управување со дополнителни текови на отпад ("Службен весник на РСМ", бр. 216/2021);
- Закон за квалитетот на амбиентен воздух ("Службен весник на РМ", бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 100/12, 163/13, 10/15 и 146/15 и "Службен весник на РСМ", бр. 151/21);
- Закон за пакување и отпад од пакување ("Службен весник на РМ", бр. 161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 6/12, 39/12, 123/12, 163/13, 146/15 и 39/16);
- Закон за води ("Службен весник на РМ", бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
- Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема ("Службен весник на РМ", бр. 06/12, 163/13, 146/15 и 39/16);

- Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори ("Службен весник на РМ", бр. 140/10, 47/11, 148/11, 39/12, 163/13, 146/15 и 39/16);
- Одлуки, уредби и правилници кои се донесени од страна на надлежните државни органи и локалната самоуправа.

**Цели и начела на делување на општинскиот градежен инспектор**

Општинскиот инспектор за животна средина врши инспекциски надзор над законитоста на вршењето на работите од областа на животна средина, управувањето со отпад, од област на заштита од бучава, од областа за квалитет на амбиенталниот воздух и областа на води, кои се во надлежност на општина Пробиштип, согласно позитивни и важечки законски прописи и општи акти на Република Сверна Македонија.

- Инспекторот го врши инспекцискиот надзор со цел за остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес.
- Инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедува еднаква, законита, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи.
- Навремено, економично, и ефикасно остварување на правата и интересите на граѓаните и другите учесници во управната постапка во решавањето на управните работи.
- Постапување во пропишаните рокови во првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени со судските органи.
- Инспекторот е самостоен при вршење на инспекцискиот надзор и одлучувањето за дејствијата кои треба да се превземат при вршење на надзорот, како и за мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор.
- При вршење на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекторот ги превзема само оние инспекциски мерки согласно со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што особено се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот.
- Навремено вклучување на заинтересираните странки во постапката заради заштита на нивните права и интереси.
- Обезбедување на докази по службена должност заради водење на управната постапка.
- При определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторот се води од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци.
- При вршење на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши превентивна функција, а изрекува инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот.

**Активности со утврдена динамика**

Инспекторот со цел да ги реализираат поставените цели на планот должен е во текот на целата година:

- да врши редовен инспекциски надзор кај инсталациите кои имаат добиено Б интегрирани еколошки дозволи, кои се во постапка за добивање на Б интегрирани еколошки дозволи и кај правни и физички лица кои треба да се усогласат со Б интегрирани еколошки дозволи;
- надзор над инсталациите кои имаат решенија за одобрен елаборат за заштита на животна средина (член 24 од Законот за животна средина) и на инсталациите кои треба да достават на одобрување елаборат за заштита на животна средина до Градоначалникот на општината;
- да врши контролни инспекциски надзори за да се утврди дали е постапено по решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот инспекциски надзор, надзорот по поднесените пријави од правни, физички и други лица;
- да врши вонреден инспекциски надзор по поднесени пријави и иницијативи од граѓани и други физички и правни лица кога ќе согледааат неправилности согласно одредбите од Законот за животна средина и другите закони по кои постапува општинскиот инспектор за животна средина како и подзаконските акти кои произлегуваат од законите по кои постапува општинскиот инспектор за животна средина;
- да врши инспекциски надзор испратен работен налог од Инспекторатот при Министерство за животна средина и просторно планирање, како и соработка и координација со Државниот инспекторат за животна средина;
- да води управна постапка врз основа на инспекцискиот надзор составува записник и донесува решенија и заклучоци согласно одредбите од Законот за животна средина и другите закони по кои постапува општинскиот инспектор за животна средина како и Закон за инспекциски надзор.
- да спроведува постапки за порамнување секогаш кога ќе се согледааат неправилности согласно одредбите од Законот за животна средина, Закон за управување со отпад, Закон за заштита од бучава, Закон за квалитетот на амбиентален воздух, Закон за води, Закон за пакување и отпад од пакување , Закон за управување со дополнителни текови на отпад, Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема и од Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори по кои постапува општинскиот инспектор за животна средина;
- да поднесува барања за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд или прекршочен орган во Министерството за животна средина и просторно планирање согласно одредбите од Законот за животна средина, Закон за управување со отпад, Закон за заштита од бучава, Закон за квалитетот на амбиентален воздух, Закон за води, Закон за пакување и отпад од пакување, Закон за управување со дополнителни текови на отпад, Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема и од Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори;
- да врши едукација и тоа: согласно одредбите од Закон за животна средина, Закон за заштита од бучава, Закон за квалитетот на амбиентален воздух, Закон за води, Закон за

пакување и отпад од пакување, Закон за управување со дополнителни текови на отпад, Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема и од Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори особено во делот на Бизнис секторот за запознавање на операторите со Уредбите од Законот за животна средина (Б интегрирани еколошки дозволи и елаборати за заштита на животната средина);
- поднесува жалби и тоа: согласно одредбите Закон за животна средина, Закон за заштита од бучава, Закон за квалитетот на амбиентален воздух, Закон за води, Закон за пакување и отпад од пакување, Закон за управување со дополнителни текови на отпад, Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, од Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори Законот за општа управна постапка и Законот за прекршоци;
- води евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход.

### Соработка со други органи при вршење на инспекциски надзор

При вршењето на инспекцискиот надзор општинскиот инспектор за животна средина ќе соработува со:

- Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Колегиумот на директори на инспекторатите;
- Полициска станица при ОВР Пробиштип при редовниот инспекциски надзор согласно одредбите од Законот за животна средина;
- Соработка со пазарна и трудова инспекција;
- Соработка со здравствените установи во Општината;
- Комуналното претпријатие на ниво на Општина;
- Лиценцирани лабаратории за анализа на примероци во различна форма на медиуми како што се (вода, воздух, почва).

### Аналитичко-информативна дејност

- Изработка на месечни планови и извештаи континуирано во тек на цела година.
- Изработка на шестмесечен извештај за работата на Општинскиот инспектор за животна средина за 2026 година, соодветно до 15.01.2026 година и 15.07.2026 година.
- Изработка на предлог-Програма за работа на Општинскиот инспектор за животна средина за 2027 година, до поднесување 15.12.2026 година.

### Планирано учество на работилници, семинари, тренинзи и други обуки

Работилници за нацрт-законот, правилници и други подзаконски акти во постапка за донесување, во организација на соодветното Министерство и врски и ЗЕЛС.

Стручни работилници за имплементација на одредбите од Законот за градење, посебно во делот на инспекцискиот надзор.

Генерички и специјализирани обуки.

## Општински инспектор за туристичка и угостителска дејност

Работните активности на Општинскиот инспектор за угостителска и туристичка дејност во текот на 2026 година ќе се заснивaат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски прописи:

- Закон за туристичка дејност ("Службен весник на РМ", бр. 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15 и 53/16);
- Закон за угостителска дејност ("Службен весник на РМ", бр. 62/2004);
- Закон за инспекциски надзор ("Службен весник на РМ", бр. 135/25);
- Закон за општа управна постапка ("Службен весник на РМ", бр. 124/15)
- Закон за таксата за привремен престој ("Службен весник на РМ", бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16).

### Цели и начела на делување на општинскиот градежен инспектор и динамика на активности

Овластениот инспектор во рамките на своите надлежности, ќе постапува и врши инспекциски надзор согласно Законот за инспекциски надзор и согласно материјалните закони, Законот за туристичка дејност, Законот за угостителска дејност и по потреба ќе спроведува контрола согласно Законот за такса за привремен престој.

Овластениот инспектор за туристичка и угостителска дејност, освен редовни и вонредни инспекциски надзори предвидени во согласност со месечните планови за надзор , ќе врши и контролни инспекциски надзори во законски одредени рокови со цел да се утврди дали е постапено по решенијата со кое е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот или вонредниот инспекциски надзор.

Во рамките на своите надлежности инспекторот за туристичка и угостителска дејност врши надзор над спроведувањето и придржувањето кон одредбите од горенаведените закони.

Овластениот инспектор во 2026 година ќе продолжи да врши и инспекциски надзори по основ на поднесени писмени барања од странки, а доставени до одделението за инспекциски надзор , како и по поднесени пријави од правни или физички лица за барања поврзани со горенаведените закони.

Ќе составува записник за констатирана состојба при инспекциски надзор и ќе донесува решение и заклучоци.

Писмено во законски рок ќе ја информира странката во постапката (подносителот на барањето за вршење надзор).

Поднесува барање за поведување прекршочна постапка согласно закон.

Води евиденција за извршените надзори на правни и физички лица.

Навремено ќе доставува извештај за реализирани инспекциски надзори полугодишни и годишни извештаи, врз основа на барање од раководните лица во општина Пробиштип.

**Активности со утврдена динамика**

Согласно законската легислатива која е наведена во Годишниот план за работа на Општинскиот инспектор за угостителка и туристичка дејност на општина Пробиштип за 2026 година инспекцискиот надзор ќе се извршува во текот на целата година на:

- угостителски услуги за сместување и исхрана во куќи
- угостителски услуги во апартмани и соби за одмор
- угостителски услуги во селски домаќинства
- исполнувањето на условите и начинот на вршењето на туристичката дејност на туристичкиот водич и туристичкиот придружник
- вршењето на работите од страна на туристичкото биро
- исполнувањето на условите за селски и етно-туризам.

**Соработка со други институции на централно и локално ниво**

Општинскиот инспектор за угостителска и туристичка дејност учествува со стручни мислења по предлог закони и предлог подзаконски акти, ставови и извештаи за останати Општински институции и други организации, а остварува и тесна и континуирана соработка со Државните инспектори за угостителска и туристичка дејност и други авторитети на централно и локално ниво.

Инспекторот обезбедува пристап на информациите за угостителската и туристичката дејност до јавноста, согласно законската рамка навреме и целосно. Ваквата соработка инспекторот ќе ја остварува и со Државните инспекторати и другите облици на инспекциски служби на централно и локално ниво. Во рамките на ваквата соработка, по потреба ќе се организираат активности за заедничко делување и обуки преку координирани инспекциски надзори и отстранување на негативните состојби и слабости во работењето на органите, се со цел за доследна примена на одредбите од Законите од угостителската и туристичката дејност и другите материјалните закони од соодветната област.

**Аналитичко-информативна дејност**

- Изработка на месечни планови и извештаи континуирано во тек на цела година.
- Изработка на шестмесечен извештај за работата на Општинскиот инспектор за угостителска и туристичка дејност за 2026 година, соодветно до 15.01.2026 година и 15.07.2026 година.
- Изработка на предлог-Програма за работа на Општинскиот инспектор за угостителска и туристичка дејност за 2027 година, до поднесување 15.12.2026 година.

**Планирано учество на работилници, семинари, трененинзи и други обуки**

Работилници за нацрт-законот, правилници и други подзаконски акти во постапка за донесување, во организација на соодветното Министерство и врски и ЗЕЛС.

Стручни работилници за имплементација на одредбите од Законите за угостителска и туристичка дејност посебно во делот на инспекцискиот надзор.

Генерички и специјализирани обуки.

30.12.2025 година
Пробиштип

Градоначалник на општина Пробиштип

(Тони Тоневски)